РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11-5814/3
23-06-2022 20
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
**Сектор за правосудство**
Ул.„ Димитрие Чуповски" бр.9
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ** : Мислење по Предлогот на Закон за помилување
Врска : Ваш бр.21-1842/1 од 02.06.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, под бр.21-1842/1 од 02.06.2022 година со кое барате мислење по Предлог на Законот за помилување, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на споменатиот предлог-закон од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го дава, следното

**М И С Л Е Њ Е**

Помилувањето како уставен институт е неприкосновено уставно и законско право на Претседателот на Република Северна Македонија, кое може да го користи во рамки на постапка утврдена со Законот за помилување, а притоа не одлучувајќи во својство на судски орган. Имајќи ја предвид важноста на овој институт од една страна, во корелација со недостатоците и празнините од постојниот закон, потребата од толкување на одредени законски одредби која се јавуваше при неговата практична примена, а особено ако се имаат

предвид препораките на Европскиот суд за човекови права и генералните принципи на законите на Европската унија, основано е донесувањето на нов Закон за помилување и истото е во функција на унапредување на одредени законски решенија.

Од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), по извршената анализа и проверка, се утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, во член 8 став (1) од Предлог на Законот со кој се уредува начинот и органот каде се поднесува молбата, доколку молбата е поднесена до друг орган или казнено-поправна установа, тогаш органот или казнено-поправната установа без одлагање ја доставуваат до министерството.

Ваквото законско решение без јасно определен рок, претставува непрецизна и недоуредена одредба, која може да доведе до различно толкување при примената во праксата и непотребно одолговлекување на постапката, а со тоа да продуцира корупциски ризик. Ова особено што во главата на Прекршочни одредби, предвидени се парични казни за директорот на казнено поправната установа и за службеното лице доколку не постапат во рокот предвиден согласно член 8 став (3), но не е предвидена казна доколку не се постапи согласно член 8 став (1), што во ваков случај значи дека отсуствува и контролниот механизам.

Од овие причини се препорачува јасно да се определи рокот во член 8 став (1), аналогно на решението кое постои во Предлог Законот во член 10 став (2) ,,без одлагање но најдоцна во рок од…,,

Во врска со член 9 од Предлог Законот, каде е уредена постапката во случај кога Министерството ќе утврди дека не постојат услови за водење на постапка, не е предвидено правото на жалба. Споредбено со Законот за помилување кој претставува позитивно право, во член 7 е предвидено право на жалба до повисокиот суд, против решението донесено од судот со кое се отфрла молбата за помилување поднесена од неовластено лице, односно кога помилувањето е недозволено или кога повторно е поднесена молба за помилување пред истекот на определениот рок.

Земајќи предвид дека во Предлог Законот не се предвидува ова право, со ваквата законска одредба се нарушува уставно загарантираното право на двостепеност во постапката.

Со проверка на член 12 констатирани се ризици од корупција и тоа:

Во став (1) е утврдено дека министерот за правда формира Комисија за помилување во рамките на Министерството, без притоа да се дефинира статусот на овие членови, односно дали истите непрофесионално или професионално ќе бидат ангажирани.Ова е особено важно да се уреди, од причини што во став (3) е наведено дека министерот за правда ги ,,назначува,, членовите, со што се остава простор за различно толкување при практичната примена, а со тоа и прашањето дали овие лица спаѓаат во категоријата на